Утрински весник



Ми се допаѓа 0 +1 0 Tweet 0 Follow @UtrinskiVesn

14.06.2012, 18:19

# Навредени чувства симнаа билборд на ОПА






**Поради уништувањето на делото, Институтот за уметности „Арс акта“ го откаж своето учество на „Скопје креатива“**

**Катерина Богоева**

Институтот за уметности „Арс акта“ го откажа своето учество на првиот фестивал од таков вид во градот што започна вчера „Скопје креатива“ поради кинењето на делото билборд на групата ОПА поставено во центарот на градот, на кое беа претставени де од ликовите на светците од црквата „Свети Димитрија“ со слоган од реклама за средство за чистење „Ги чисти и најнедостапните места“. Воедно, „Арс акта“, токму поради ова неочекувано симнување на делото завчеравечер, од се' уште непознати ли за јавноста, ја прогласи за затворена изложбата „Визуелни индустрии“ со која учеству на фестивалот, а ја чинат делата на уметниците: Ирена Паскали, Марија Ветероска, Марко Манев, Елпида Хаџи-Василева, Жанета Вангели, Нина Георгиева и Дамјан Цветк Димитров, Борис Петровски, Иван Дургутовски и Искра Димитрова.

Делото го привлече вниманието на граѓаните со самото поставување, а Градот Скопје кој е организатор на „Скопје креатива“, каде што до 16 јуни се презентираат и поттикнуваат креативните потенцијали на младите луѓе по неговото симнување не излезе со информација кој и зошто го наредил тоа.

А до јавноста вчера се обратија уметниците и кураторите на прес-конференција на „А акта“ каде што беше прочитано обраќањето на членовите на уметничката група ОПА што ја чинат Денис Сарагиновски и Слободанка Стевческа. Тие потенцираа дека целта на нивното дело - билборд била да посочи на еден сегмент од нашето општество, на целосното отсуство на дискусија околу прашањата што ги засегаат сите граѓани.

„По прашањата за идентитетот (т.е. начините за негово креирање и рекреирање), религијата, меѓунационалните односи, изгледот на просторот во кој живееме (градот патриотизмот (или што се подразбира под тој термин), постои само една вистина - мислењето на мнозинството. Се' останато (мислењето на различниот, другиот, малцинствата по сите основи) е окарактеризирано како ерес и предавничка намера“. Интересен е фактот, велат од ОПА, што реакциите на верниците во однос на вакви прашања каде што има спротивставени ставови се скоро по правило поагресивни од реакциите/дејствувањето на невереницифте. Нашата цел не е да го навредиме верското чувство на граѓаните, па на која било религија тие да припаѓаат, туку јавно да искаже сопствен став во по оглед на едно општествено прашање (феномен или општествена случка) - право што секој граѓанин на една демократска земја би требало да го ужива велат од ОПА. Тие потенцираат дека им се чини оти организаторот на целиот настан, т.е. тимот на Градот Скопје не поседува никаква доследност во спроведувањето на некаква културна политика на градот.

„Оваа цензура само докажува дека уметноста е последното нешто што ги засега организаторите на 'Скопје креатива'“, велат од ОПА.

Членовите на Центарот „Арс акта“ посочија дека до организаторите на „Скопје Креатива“ десет дена пред поставувањето на билбордите им ги предале делата на увид и немало никакви негативни реакции. Ана Франговска, кураторка на проектот, ги негираше изнесените изјави во јавноста дека тие самите сакале да си стават некој вид автоцензура со симнување на делото. „Ние сме против каква било цензура на уметноста, на слободното изразување. Им испративме мејл на 'Скопје креатива' со прашање кој ги дал наредба делото - билборд да се тргне, но не добивме никаков одговор, а од медиумите слушнавме дека од содржината на делото ,наводно, биле навредени верските чувства на МПЦ, на луѓе од Град Скопје и на група граѓани. Веруваме дека оваа наша реакција против цензурата на уметноста ќе предизвика и реакции кај други уметници, па и тие со свои дела, со перформанси ќе посочат на потребата од слобода на изразување. Бидејќи ваков чин може да предизвика само автонцензура на уметниците“, рече Ана Франговска.

Куратоорката Бојана Јанева-Шемова посочи дека како куратор ги поддржува сите уметници со кои соработува и нивните дела и нивните дела. „Сакам да верувам во демократското општество во кое секој има право гласно и јасно да го искаже своето мислење без насилство. Оттука велам 'Не за цензура во уметноста'“, беше јасна Јанева-Шемова.

Вчера, директорот на фестивалот „Скопје креатива“, Миодраг Костиќ, не чувствуваше потреба да дава изјави за јавноста и покрај тоа што знаеше дека „Арс акта“ го напушти фестивалот.

**Насилство врз правото на слободна мисла**

ЈАДРО - Асоцијација на независната културна сцена по повод симнувањето на делото - билборд ја упати, како што стоеше во испратеното соопштение, својата остра критика до актуната состојба на цензура и насилство врз правото на слободна мисла, слободно изразување и автономија на уметничкиот чин.

„Последниот пример на грубо нарушување на овие права е одземање на правото на постоење уметничко дело во јавниот простор, кое беше во авторство на колективот ОПА. Чинот на насилничко одземање на право на промислување и коментирање на социокултурните појави и феномени, преку кој било облик на уметничко творештво е знак за општество кое живее во несогласност со демократските принципи. Членовите на платформата ЈАДРО апелираат да се ревидира овој насилнички акт врз автономијата на уметникот и уметничкото дело. Воедно, цврсто стоиме зад тоа дека ќе се застапуваме никогаш повеќе да не се извалка на овој начин демократијата и слободата во Република Македонија“.

Статијата е прочитана 1811 пати.

Испрати коментар